MOORE

# АУТОМАКЕДОНИЈА АД - СКОПЈЕ
# Понуда за ревизија на посебните и консолидираните финансиски извештаи за 2025 година

**Скопје, април 2025**





# Содржина


| | | Страница |
|---|---|---|
| 1 | Вашите барања | 3 |
| 2 | Вистинскиот тим | 5 |
| 3 | Ревизорски услуги | 7 |
| 4 | Релевантно искуство | 9 |
| 5 | За Мур Стивенс | 15 |
| 6 | Вистинската цена | 16 |
| 7 | Зошто Мур Стивенс | 17 |


НАПОМЕНА:
Мур Стивенс ДОО Скопје ги има преземено сите можни чекори за да обезбеди дека информациите понудени во оваа понуда се корисни, точни и тековни. Сепак, информациите дадени во оваа понуда не се сеопфатни и можни се ненамерни грешки, за кои се извинуваме. Ако ја користите оваа понуда или било кој наш пишан материјал и забележите грешка или очигледна противречност, ве молиме да не известите што е можно поитно.



# 1 Вашите барања

## До

## АУТОМАКЕДОНИЈА АД – Скопје

### Мур Стивенс ДОО има задоволство да ја поднесе оваа понуда до АУТОМАКЕДОНИЈА АД - Скопје.

Ние сме многу благодарни за информациите обезбедени од ваша страна, кои преставуваат основа на оваа наша понуда. Од обавените разговори, разбравме дека ви се потребни ревизорски услуги, врз основа на кои, во законскиот рок од завршувањето на финансиската година, би ги издале следнитре извештаи:

- Извештај на независните ревизори за посебните и консолидираните финансиски извештаи со состојба на и за годината што завршува на 31.Декември 2025 година, изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (ИФРС), кои се прифатени и објевени во Република Македонија;
- Извештај на независните ревизори за конзистентноста на годишната сметка и финансиските извештаи со извештајот за работење за 2025 година, согласно барањата на член 34 од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010) и
- Писмо до раководството, во кое ќе бидат преставени ревизорските наоди и коментари во врска со сметководствениот систем, организацијата на работење, внатрешната контрола, информационите системи и операции и обемот и резултатите на работењето со препораки за нивно отстранување, доколку такви постојат.

Како што очекувате, ние ќе обезбедиме одговорен и ефикасен пристап во давањето услуги, во функција на вашите потреби. Уште повеќе, ние ќе обезбедиме и:

**Искусен тим**

Свесни сме дека, како и со било која задача, мора да бидете сигурни дека давателите на услуги кои имате намера да ги ангажирате, се во најдобра позиција да ви обезбедат сигурна и сеопфатна услуга. Поради тоа, сакаме да ви укажеме дека ние сме специјализирани за вршење на услуги на ревизија на финансиски извештаи на друштва од различни индустрии. Тоа ќе ни овозможи да се потпреме на нашето досегашно знаење и искуство за да ги обезбедиме сите услуги побарани од ваша страна на одговорен и ефикасен начин.

**Навремени и сеопфатни услуги**

Нашите услуги ќе ги обезбедиме согласно договорената временска рамка и ќе одржуваме редовна комуникација со вас за да бидете секогаш целосно во тек со напредокот во нивната реализација. Ние гледаме на нашата соработка како на двонасочен процес: додека е од суштинско значење да бидеме достапни кога сме ви потребни, од еднакво значење е да оствариме контакт со вас кога ќе се појават прашања за кои е потребно да ве известиме. Нашата цел е да ви обезбедиме навремени и сеопфатни услуги.



*Ние ја прифаќаме важноста да се има пристап до високо квалитетни и професионални мислења и препораки.*

## Достапност на партнерите

Ние ја признаваме важноста на достапност до високо квалитетни и професионални совети. Во таа смисла, партнерите на Мур Стивенс ДОО Скопје нема само да го водат тимот во реализација на задачата, обезбедувајќи највисок квалитет и ефикасност, туку постојано ќе му бидат достапни на вашето раководство. Иако нашите услуги се под водство на партнерите, не се само тие кои ќе ви обезбедат дополнителна вредност - вие ќе имате корист и од стручноста и искуството на членовите на нашиот тим.

Нашата понуда е во функција на погоре нагласените теми, со посебен нагласок на:

- Тимот кој ќе ги пресретне вашите потреби;
- Нашиот ревизорски пристап;
- Нашите квалификации и препораки;
- Организационата структура на Мур Стивенс ДОО Скопје и
- Нашиот надоместок.

Ние веруваме дека оваа понуда ќе ви обезбеди доволно информации за да се чувствувате сигурни во изборот на Мур Стивенс ДОО Скопје за ваш консултант. Сепак, ако сакате повеќе информации, ве молиме слободно да се обратите.

**април 2025**

**Управител**

Антонио Вељанов





# 2 Вистинскиот тим

## Клучно во обезбедувањето на услуги какви што заслужувате се воспоставените односи, на сите нивоа, меѓу нашите и вашите луѓе.

Нашата филозофија во работата со вас ќе биде да осигураме дека вашите потреби се наш приоритет, што ќе преставува основа на нашите односи. Мур Стивенс ДОО Скопје е фокусиран кон луѓето и односите со клиентите се предводени од страна на партнерите. Секој член на тимот поседува доволно знаење за вашата дејност за да ви ја обезбеди бараната подршка. Клучните луѓе на тимот кој ќе би биде на располагање се состои од следните членови:

**Антонио Велјанов – Управител и капитален партнер во Мур стивенс ДОО Скопје**
ќе има целосна одговорност за севкупните односи меѓу Мур Стивенс ДОО Скопје и вас. Тој ќе има одговорност во делот на контролата на квалитетот на ревизорските услуги поврзани со предметната ревизија. Тој дипломирал сметководство и ревизија на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и поседува лиценца за овластен ревизор и е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, кој е асоцијативен член на Меѓународната федерација на сметководители (ИФАЦ) со седиште во Њујорк.

Костадинка Китаноска – Овластен ревизор и партнер
ќе биде партнер на предметната ревизија. Таа ќе учествува во реализацијата на услугите кои ќе ви го обезбедиме и ќе присуствува на сите состаноци кои вие ќе ги побарате. Таа дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, поседува лиценца за овластен ревизор и е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, кој е член на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC) со седиште во Њујорк. Има 24 години искуство на работи на ревизија кај следните субјекти: Македонски ревизорски центар ДОО Скопје и Мур Стивенс ДОО Скопје.

Дарко Велјанов – овластен ревизор
ќе биде менаџер тим на предметната ревизија. Тој ќе учествува во реализацијата на услугите кои ќе ви го обезбедиме и ќе присуствува на сите состаноци кои вие ќе ги побарате. Тој дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, поседува лиценца за овластен ревизор и е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, кој е член на Меѓународната федерација на сметководители (ИФАЦ) со седиште во Њујорк. Има 16 години искуство на работи на ревизија кај следните субјекти: Македонски ревизорски центар ДОО Скопје и Мур Стивенс ДОО Скопје.



### Дејан Велјанов – сениор ревизор

ќе биде член на тим на предметната ревизија. Таа ќе учествува во реализацијата на услугите кои ќе ви го обезбедиме и ќе присуствува на сите состаноци кои вие ќе ги побарате. Тој дипломирал на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Има 14 години искуство, од кои: 2 години на работи со кредитни производи со население, 2 години на работи на кредитно администрирање за корпоративни клиенти и 10 години на работи на ревизија, кај следните субјекти: Стопанска банка АД Скопје и Мур Стивенс ДОО Скопје.

### Елена Николовска – сениор ревизор

ќе биде член на тим на предметната ревизија. Таа ќе учествува во реализацијата на услугите кои ќе ви го обезбедиме и ќе присуствува на сите состаноци кои вие ќе ги побарате. Таа дипломирала на Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Има 13 години искуство, од кои: 4 години како финансиски асистент, 5 години финансиски раководител и 4 години на работи на сметководство и ревизија, кај следните субјекти: Бато анд Дивајн График Центар ДОО Скопје и Мур Стивенс ДОО Скопје.

### **Континуитет на персоналот**

Сите клучни членови на тимот ќе имаат комуникација со вас на циклична и на дневна основа и ќе бидат потпомогнати од останатиот специјализиран персонал, согласно потребите. Тој персонал ќе биде селектиран на основа на неговата соодветност на дејноста каква што е вашата. Наша политика при планирање на персоналниот состав на тимовите е да обезбедиме високо ниво на континуитет, со подготовка на помладиот персонал за да го наследи поискусниот персонал кога ќе има соодветно ниво на искуство.



# 3 Ревизорски услуги

Клучен елемент на нашиот пристап е да се договорат вашите очекувања во рана фаза

**Услугите на уверување и обезбедување на “додадена вредност” вообичаено не се согледуваат заедно, бидејки примарната цел на ревизијата е да обезбеди независно мислење за вашите годишни финансиски извештаи.**

Ние не го прифаќаме тој пристап. Имено, ние ја признаваме комерцијалната важност да се обезбеди уверување за функционирањето на вашите деловни контроли, за да се избегнат изнанадувања во иднина. Но еднакво ја разбираме и потребата од нагласување на нашата загриженост по било кое прашање, како и подготвеноста да понудиме совет кога е потребно.

Веруваме дека клучот на една корисна услуга за проверка на усогласеност со определена рамка е во силината на односот меѓу вас и нашиот тим. Ова ќе ни овозможи нашата работа да биде темелно и точно планирана и прилагодена на вашите специфични потреби.

Овој оддел го прикажува нашиот ревизорски пристап кој го покрива следното:
- Стратегија на ревизијата и планирање;
- Обем и материјалност;
- Контрола и координација;
- Постапување со критични прашања и
- Ваше известување.

### Стратегија на ревизијата и известување

Во стратегијата на ревизијата ќе го усвоиме пристапот базиран на ризици, кој вклучува детална проценка на ризиците и оценка на воспоставените системи и контроли за да се ублажат ризиците. За да го постигнеме тоа, бараме:
- Да се развие цврсто разбирање за вашиот бизнис и за неговите ризици, како и за начинот како тие можат да се ублажат и контролираат;
- Да се изгради цврст однос меѓу вашиот менаџерски тим и нашиот тим.

Клучен елемент на нашиот пристап е да се постигне согласност за вашите очекувања уште во рана фаза. Ова ќе обезбеди дека клучните ризици се идентифицирани и третирани уште од самиот почеток. Во фазата на планирање ќе разговараме и ќе се договараме за конкретни прашања, вклучувајќи ги и роковите за известување, што ќе ви заштеди и време и трошоци.

Пред да отпочнеме со теренска работа, ќе разговараме за нашиот ревизорски пристап во детали, наведувајќи го нашиот пристап во областите каде што се идентифицирани ризици, основот за утврдување на материјалноста, тимот и распоредот на работа. Исто така, ќе ви биде доставен и список на информации кои ќе биде потребно да ни бидат доставени од ваша страна. Ова ќе осигура дека ги поседуваме информациите кои ќе обезбедат ефикасно и беспрекорно вршење на ревизорските услуги и дека вие имате доволно податоци за да ги соберете релевантните информации, а тоа да не влијае на вашиот дневен обем на работа.



*Правилното планирање и деталните постапки за утврдување на ризиците треба да ги идентификуваат повеќето потенцијално критични прашања.*

### Обем и материјалност

Нашата ревизија ќе се спроведе во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија издадени од Меѓународната федерација на сметководители и ќе вклучи такви тестови на трансакции и салда, какви што сметаме дека ќе бидат неопходни.

Во спроведувањето на ревизијата, посебно внимание ќе посветиме на трансакциите и ставките кои го надминуваат соодветното ниво на материјалност за да обезбедиме комплетност на сите групи на трансакции. Кога оценуваме дали финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика, ја земаме во предвид материјалноста на збирот на сите некорегирани погрешни прикажувања утврдени во текот на ревизијата, во однос индивидуалните или класите на трансакции и салда.

### Контрола и координација

Целокупната координација е одговорност на партнерот одговорен за ревизорскиот ангажман, чија задача ќе биде да го следи напредокот на ревизорскиот ангажман и да ве известува за евентуални отстапувања од планираниот распоред на работа. Проверката на ревизорската документација се врши континуирано. Тоа е составен дел на постапката за контрола на квалитет и служи да се идентифицираат отворени прашања кои произлегуваат од ревизијата уште во нејзината рана фаза.

### Постапување со критични прашања

Правилното планирање и деталните постапки за проверка на ризиците би требало да ги идентифицираат најголемиот број на потенцијално критични прашања. Ние сакаме да разговараме за отворените прашања штом ќе се појават, а не да го чекаме завршувањето на теренската работа.

Раководителот на тимот ќе биде веднаш запознаен со критичните прашања кои ќе произлезат во текот на ревизијата, кој за возврат ќе го инволвира партнерот одговорен за ревизорскиот ангажман, како и други експерти, ако е неопходно.

Партнерот ќе одлучи како ќе се постапува со прашањето и ќе ве извести за било какова загриженост во врска со важни прашања. Ревизијата преставува процес кој подразбира циклична и дневна комуникација меѓу сите членови на тимот на Мур Стивенс ДОО Скопје, како и ваше редовно запознавање со нејзиниот напредок.

### Ваше известување

Откако процесот на ревизија ќе заврши, ќе одржиме состанок со вашиот финансиски тим за да ги разгледаме евентуалните отворени прашања и клучни наоди. Потоа очекуваме да се состанеме со управниот одбор за да разговараме за спроведувањето на ревизијата, за евентуалните отворени прашања, за презентацијата на финансиските извештаи и, ако е значајно, за евентуалните системски слабости. Потоа ќе известиме за прашањата каде што сме примениле проценка, за деталите како сме се справиле со идентификуваните ризици, како и за некоригираните погрешни прикажувања.



## Привремен распоред

Подолу е прикажан привремен распоред на состаноци и испораки во врска со ревизијата на финансиските извештаи за периодот која завршува на 31 декември 2025 година.

| | |
|---|---|
| Декември 2025 | Документирање на вашиот сметководствен систем и систем на внатрешни контроли (се до прогласување на крај на пандемијата работите планираме да ги извршуваме онлине) |
| Аптил 2026 | Суштински тестирања согласно утврдените ризици од претходната фаза (се до прогласување на крај на пандемијата работите планираме да ги извршуваме онлине) |
| Април 2026 | Завршен состанок со раководството во врска со наодите од ревизијата (се до прогласување на крај на пандемијата состаноците ги одржуваме онлине) |
| Април 2026 | Доставување на конечниот извештај на независните ревизори |



# 4 Релевантно искуство

## Мур Стивенс ДОО Скопје поседува стручност и искуство за да се задоволат вашите потреби.

Како што покажа нашата понуда, наша цел не е само да им служиме на потребите на нашите клиенти на најефикасен и на најекономичен начин, туку и да им помогнеме во нивниот развој и успех во иднината. Секој поединечен клиент се третира токму така - како единка. Ја прилагодуваме нашата работа за задоволување на вашите цели, осигурувајќи дека вашите барања се исполнети.

Ние работиме како ревизори и консултанти на бројни друштва, како локални, така и дел од регионални и глобални групации. Вршејќи ги редовните услуги за усогласеност со законската регулатива, ние всушност ги користиме нашите искуства од работата со различни дејности и единки за да обезбедиме широк спектар на услуги, за да можат нашите клиенти да ги почувствуваат вистинските придобивки од соработката со нас.

*Ние работиме како ревизори и консултанти на бројни друштва, како локални, така и дел од регионални и глобални групации.*

### Услуги на ревизија и проверки според дејноста на клиентот

Услугите на ревизија и проверки според дејноста на клиентот вклучуваат:

| Опис на дејноста | Назив на клиентот |
|---|---|
| **Градежништво:** | |
| | Гранит АД - Скопје |
| | Бетон АД - Скопје |
| **Енергетика:** | |
| | Топлификација АД - Скопје |
| | Скопје Север АД - Скопје |
| | Производство на топлина ДООЕЛ - Скопје |
| | Дистрибуција на топлина ДООЕЛ - Скопје |
| | Снабдување Исток ДООЕЛ - Скопје |
| | Снебдување Запад ДООЕЛ - Скопје |
| | Снебдување Центар ДООЕЛ - Скопје |
| | Мали хидроелектрани ДОО - Скопје |
| **Производство:** | |
| | Реплек Фарм ДООЕЛ - Скопје (лекови) |
| | Факом АД - Скопје (метални конструкции) |
| | ВВ Тиквеш АД - Скопје (вино) |
| **Транспорт и шпедиција:** | |
| | Макошпед АД - Скопје |
| | МСЦ ДООЕЛ - Скопје |



| Опис на дејноста | Назив на клиентот |
|---|---|
| **Трговија на големо:** | |
| | Реплек АД - Скопје |
| | Зегин ДОО - Скопје |
| | Др. Пановски АД - Скопје |
| | Аутомакедонија АД - Скопје |
| **Угостителство:** | |
| | Охридтурист АД - Охрид |
| | СЈ Компани ДОО - Скопје (МцДоналдс) |
| **Тргување со хартии од вредност:** | |
| | Фершпед брокер АД - Скопје |
| | Инвест брокер АД - Скопје |
| | Илирика инвестициони фондови - Скопје |
| | Иново Статус инвестициони фондови - Скопје |
| | ЦДХВ АД - Скопје |
| **Банкарство и финансиски услуги:** | |
| | УНИ Банка АД - Скопје |
| | Стопанска банка АД - Битола |
| | ТТК Банка АД  - Скопје |
| | Штедилница Можности ДОО - Скопје |
| | Штедилница МАК-БС ДОО - Скопје |
| | С-Лизинг ДОО - Скопје |
| **Осигурување:** | |
| | Осигурителна полиса АД - Скопје |
| | Кроација осигурување неживот АД - Скопје |
| | Кроација осигурувае на живот АД - Скопје |
| **Државни агенции и друштва во државна сопственост:** | |
| | Агенција за државни патишта - Скопје |
| | Агенција за супервизија на осигурување - Скопје |
| | Македонска пошта АД - Скопје |
| | ЈП Македонски железници инфрастуктура - Скопје |



## Услуги на сметководство и даноци според дејноста на клиентот

Услугите на сметководство и даноци според дејноста на клиентот вклучуваат:

| Опис на дејноста | Назив на клиентот |
|---|---|
| Транспорт: | Орбит ДООЕЛ - Скопје |
| Производство: | Сумбро трејд ДООЕЛ, Самоков, М.Брод |
| | Грин Кола Адриатик ДООЕЛ - Скопје |
| Енергетика: | Петрол-Енергетика ДООЕЛ - Скопје |
| Трговија на мало: | Котон Магазаџилик ДООЕЛ - Скопје |
| Специјализирана трговија: | Евро Гејмс Технолоџи ДООЕЛ - Скопје |
| | ЈПЛ Глобал Македонија ДООЕЛ - Скопје |
| Угосстителство: | КАТ Кетеринг ДООЕЛ - Скопје |
| Банка за матични клетки: | Био Стем ДООЕЛ - Скопје |
| Градежна механизација: | Метсо Минералс ДООЕЛ - Скопје |

## Услуги на проценка и бизнис планови според дејноста на клиентот

Услугите на проценка и бизнис планови според дејноста на клиентот вклучуваат:

| **Опис на дејноста** | **Назив на клиентот** |
|---|---|
| **Енергетика:** | |
| | ТЕ-ТО АД - Скопје |
| | Когел Север ДОО - Скопје |
| **Производство:** | |
| | Вино Брежице АД - Брежице, Р. Словенија |
| **Транспорт и одржување:** | |
| | ЈП Македонски железници - Скопје |
| | ЈП Македонија пат - Скопје |
| **Радиодифузија:** | |
| | ЕРА ТВ ДОО - Скопје |
| **Банкарство и финансиски услуги:** | |
| | ТТК Банка АД - Скопје |



## Консултантски услуги според видот на услугата

Консултантските услуги според видот на услугата вклучуваат:

| Опис на услугата | Структура |
|---|---|
| **Ревизии и проверки:** | 72% |
| **Сметководство и даноци:** | 28% |
| **Вештачења:** | 0% |
| **Останато:** | 0% |

## Ревизорски услуги кај друштва чии акции котираат на берза

Ревизорските услуги кај друштва чии акции котираат на Македонската берза АД Скопје вклучуваат:

| Опис на дејноста | Назив на клиентот |
|---|---|
| Банкарство:: | УНИ Банка АД Скопје |
| | Стопанска банка АД - Битола |
| | ТТК Банка АД - Скопје |
| Производство: | Тетекс АД - Тетово |
| | ВВ Тиквеш АД - Скопје |
| | Факом АД - Скопје |
| | РЖ Институт АД - Скопје |
| Градежништво: | Гранит АД - Скопје |
| | Бетон АД - Скопје |
| Производство и трговија: | Реплек АД - Скопје |
| Тргвоија со автомобили: | Аутомакедонија АД - Скопје |
| Транспорт и шпедиција: | РЖ Интер трансшпед АД - Скопје |

## Ревизорски услуги кај членки на глобални групации

Ревизорските услуги кај членки на глобални групации вклучуваат:

| Опис на дејноста | Назив на клиентот | Назив на групацијата |
|---|---|---|
| Трговија: | Лек ДООЕЛ - Скопје | Новартис - Базел, Швајцарија |
| Транспорт: | МСЦ ДООЕЛ - Скопје | МСЦ - , Швајцарија |
| Финансиски услуги: | С-Лизинг ДООЕЛ - Скопје | Шпаркасебанк, Виена, Австрија |
| Истражување на пазар: | ГфК ДООЕЛ - Скопје | ГфК Виена, Австрија |
| Угостителство: | СЈ Компани ДОО - Скопје | Франшиза на McDonalds’ |



## Ревизорски услуги кај членки на регионални групации

Ревизорските услуги кај членки на регионални групации вклучуваат:

| Опис на дејноста | Назив на клиентот | Назив на групацијата |
|---|---|---|
| **Осигурување:** | | |
| | Кроација Осигурување - неживот АД - Скопје | Кроација Осигурување, Загреб, Хрватска |
| | Кроација Осигурување на живот АД - Скопје | Кроација Осигурување, Загреб, Хрватска |
| **Транспорт:** | | |
| | Орбит ДООЕЛ - Скопје | Орфее Беиноглу - Атина, Грција |
| **Финансиски услуги:** | | |
| | Илирика Фунд Менаџмент АД - Скопје | Илирика ДЗУ, Љубљана, Словенија |
| **Енергетика:** | | |
| | ТЕ-ТО АД - Скопје | |

## Услуги во делот на примената на МСФИ

Како книговодители со долгогодишно исклуство, имаме големо искуство во подршката на нашите клиенти поврзана со потребата да известуваат според меѓународните барања за финансиско известување. Бидејки глобалните пазари се повеќе се интегрираат, се повеќе земји ги прифаќаат Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување (МСФИ). Во таа смисла, Мур Стивенс ДОО Скопје може да ве подржи во повеќе сегменти, од првичната примена на МСФИ, преку тековна подршка и ажурирање со најновите измени во финансиското известување.



# 5 За Мур Стивенс ДОО Скопје

Мур Стивенс ДОО Скопје со својата петнаесетгодишна историја е сведок како еден мал субјект се трансформира во значен чинител на пазарот на консултантски услуги во Република Македонија.

*Нашата политика е клиентите да не сметаат за прв избор за консултации при донесувањето на нивните деловни и финансиски одлуки.*

**Мур Стивенс ДОО Скопје**

Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје е основан како Македонски Ревизорски Центар ДОО во 1998. Почнувајќи од 04.09.2009 година, Друштвото го промени својот назив во Друштво за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје, со оглед на фактот дека истото стана независна полноправна членка на меѓународната асоцијација на ревизорски друштва Moore Global Limited.

Основните податоци за нашето Друштво се дадени во следната табела::

| Опис | Податок |
|---|---|
| Вкупно партнери: | 2 |
| Вкупно вработени: | 12 |
| Вкупно овластени ревизори: | 3 |
| Вкупно овлстени сметководители: | 5 |
| Вкупно канцеларии: | 1 |

**Мур Глобал**

Основан во Лондон 1907 година, успешниот пат започнува од мал индустриски сегмент, до глобален консултатнт на бројни бизниси низ светот преку бројни иновативни услуги на своите клиенти. Основната политика е клиентите да го сметаат Мур Глобал за прв избор за консултации при донесувањето на нивните деловни и финансиски одлуки.

Клиентите имаат пристап до голем број на основни и специјализирани услуги, вклучувајки ревизија и проверка на усогласеност со даночната регулатива, даночен менаџмент, управување со ризиците, деловна подршка преку вршење на функции со замена на внатрешни ресурси на клиентите со ресурси на Мур Глобал, деловни финансии, преструктурирање и рефинансирање на побарувања и обврски и вештачење од областа на сметководството и финансиите.

Мур Глобал е глобална сметководствена и консултантска асоцијација со седиште во Лондон, со 37,153 вработени во 558 канцеларии во 114 земји и приходи во 2023 година од 4.5 милијарди УСД.



# 6 Вистинската цена

## Ние признаваме дека вредноста за вложените пари е предуслов за секој деловен трошок - и дека професионалните надоместоци не преставуваат исклучок.

Ние секогаш заземаме чесен и транспарентен пристап кон надоместоците. Горди сме на овој принцип и на угледот кој го имаме во овој поглед и веруваме дека тоа не издвојува од останатата конкуренција. Нашиот надоместок е пресметан врз основа на времето поминато на вашиот ангажман од страна на партнерите и останатиот персонал , во зависност од нивото на вложената вештина и одговорност.

Нашата понуда за годината која завршува на 31 Декември 2025 е како што следува:

| | Надоместок € |
|---|---|
| Услуги на ревизија | 4,500 |
| ДДВ 18% | 810 |
| **Вкупно** | 5,310 |

Надоместокот би се платил во денари, според курсот за еврото на денот на фактурирањето, објавен од страна на Народна банка на РМ. Динамиката на плаќање би била следната:

- 50% од надоместокот би се платил пред отпочнување на работите на ревизија и
- 50% од надоместокот би се платил со поднесување на конечните извештаи од извршената ревизија.

### Претпоставки

Нашата понуда:

- Претпоставува дека од ваша страна ќе ни биде обезбеден годишниот финансиски извештај пред почетокот на ревизијата, како и поткрепувачката документација;
- Претпоставува дека нема да се појават значајни неочекувани прашања во текот на работата;
- Претпоставува дека нема да има потреба од ангажирање на експерти од други области.

### Идни години

Контролата на трошоците е важна работа, поради што признаваме дека е голема корист од информацијата за висината на нашиот надоместок, не само за првата година, туку евентуално и за идните години.  Доколку бидете заинтересирани, надоместокот за идните години би се договарал со вас однапред, и неговата висина ќе зависи од измените во опфатот на нашата работа или од значајните измени во нивото на вашите деловни активности.



# 7 Зошто Мур Стивенс ДОО Скопје

## Нашата понуда покажа дека Мур Стивенс ДОО Скопје може да ги задоволи вашите потреби.

Нашите сознанија и согледувања ни укажуваат дека имате потреба од консултант со одговорен пристап во давањето на услуги и кој е подготвен да соработува со вас. Ние веруваме дека Мур Стивенс ДОО Скопје може да го стори токму тоа.

Овој документ ги нагласи следните причини поради кои би требало да го назначите Мур Стивенс ДОО Скопје:

| | |
|---|---|
| **Искусен тим:** | Нашиот тим поседува вистински вештини и искуство за да ги задоволи вашите потреби. Ќе развиеме цврски односи со вас за да осигураме дека ќе обезбедиме позитивни и корисни услуги. |
| **Вистински пристап:** | Пристапот на Мур Стивенс ДОО Скопје обезбедува темелен пристап бидејќи ревизијата кај вас ја сваќаме како предизвик, обрнувајќи внимание на сите клучни прашања. Дополнително, за сите сознанија повратно ќе ве известиме и ќе ви понудиме совет за идните развојни стратегии. |
| **Вистинска услуга:** | Ние ќе ви обезбедиме одговорен пристап во давањето услуги, со почитување на договорените рокови и со соопштување на потенцијалните проблеми штом таквите ќе се појават. |
| **Вистинска цена:** | Ние сме разумни во пресметката на нашиот надоместок, за да осигураме дека и двете страни ќе профитираат од взаемната соработка. |

Веруваме дека нашата понуда ги содржи сите информации кои ви се потребни во оваа фаза. Вие ќе бидете важен клиент на Мур Стивенс ДОО Скопје и со нетрпение очекуваме да работиме со вас во иднина.

## КОНТАКТИ

За повеќе информации, испратете порака на следните адреси: marketing@moore-global.com или moore@moore.mk, или посетете: www.moore-global.com или www.moore.mk.

MOORE

www.moore-global.com

Ние веруваме дека информациите содржани овде се точни во време на објавувањето, но не можеме да прифатиме никаква одговорност за каква било загуба на која било личност како резултат на дејствување или воздржување од дејствие како резултат на која било ставка од оваа Понуда. Мур Стивенс ДОО Скопје, друштво основано во согласност со законите на Република Северна Македонија, обезбедува ревизија или други професионални услуги на клиенти. Мур Глобал и нејзините фирми-членки се правно различни и одделни ентитети. Тие не се и ништо нема да се толкува за да ги постави овие субјекти во однос мајка-ќерка, подружници, партнери, заеднички вложувања или агенти. Ниту една фирма-членка на Мур Глобал нема никакво овластување (реално, очигледно, имплицитно или на друг начин) да го обврзува Мур Глобал или било друга членка или дописна фирма на Мур Глобал кој било начин.